СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 305 **22 декември 2020, вторник** **година LXXVI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
4162.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени.....	**3**
4163.	**Закон** за регистрација на возила со странски регистарски таблици на територијата на Република Северна Македонија.....	**3**
4164.	**Одлука** за отповикување на управител на Трговско друштво НАФТОВОД ДООЕЛ Скопје.....	**6**
4165.	**Одлука** за избор на управител на Трговско друштво НАФТОВОД ДООЕЛ Скопје.....	**6**
4166.	**Решение** за разрешување од должноста директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија.....	**6**
4167.	**Решение** за разрешување од должноста директор на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.....	**6**
4168.	**Решение** за разрешување од должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.....	**7**
4169.	**Решение** за именување в.д. директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.....	**7**
4170.	**Решение** за именување в.д. директор на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.....	**7**
4171.	**Решение** за именување в.д. директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.....	**7**
4172.	**Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на КПУ Затвор Скопје.....	**7**
4173.	**Решение** за именувавање в.д. директор на КПУ Затвор Скопје.....	**8**
4174.	**Решение** за именување директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија.....	**8**

Стр.

4175. **Решение** за именување заменик на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи..... 8

4176. **Решение** за именување в.д. заменик-координатор на Националниот координативен центар за гранично управување..... 8

4177. **Решение** за именување директор на Управата за јавни приходи..... 8

4178. **Решение** за именување заменик на директорот на Државниот завод за статистика..... 9

4179. **Решение** за именување директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони..... 9

4180. **Решение** за именување директор на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес..... 9

4181. **Решение** за именување директор на Управата за извршување на санкциите..... 9

4182. **Решение** за именување директор на Државниот просветен инспекторат..... 9

4183. **Правилник** за формата и содржината на јавниот оглас, формата и содржината на образецот за пријавување на јавниот оглас, начинот на докажување на исполнување на општите и посебните услови за пополнување на работните места, начинот на спроведување на административната селекција, спроведувањето на интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од нивоата на работни места, како и други прашања во врска со постапката на селекција при вработување на припадници во затворска полиција..... 10

4184. **Правилник** за здравствените и психофизичките способности на лицето кое заснова работен однос во затворската полиција, начинот на нивното утврдување и начинот на работа на Комисијата за селекција за вработување на припадник на затворската полиција..... 16

4185. **Одлука** за избор на најповолен понудувач и за доделување на лиценца..... 23

Стр.

4186. **Одлука** за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија..... 23

4187. **Одлука** за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија..... 27

4188. **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија..... 30

4189. **Одлука** за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија..... 34

Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои се придржува/прифаќа Република Северна Македонија на покана на ЕУ

29. **Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1132 на Советот од 30 јули 2020 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на специфични мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2020/20..... 2

30. **Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1136 на Советот од 30 јули 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја..... 12

31. **Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1126 на Советот од 30 јули 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив..... 40

Огласен дел..... 1-48

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

4162.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НЕЕВИДЕНТИРАНИ ЛИЦА ВО МАТИЧНАТА КНИГА НА РОДЕНИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 20 декември 2020 година.

Бр. 08-4594/1
20 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Република Северна Македонија,
Стево Пендаровски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НЕЕВИДЕНТИРАНИ ЛИЦА ВО МАТИЧНАТА КНИГА НА РОДЕНИ

Член 1

Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени („Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/20), во членот 7 став (1) по зборот „внесени" се додаваат зборовите: „или ќе се внесат", а зборовите: „во рок од шест месеци од денот на донесување на овој закон" се заменуваат со зборовите: „до 30 јуни 2021 година".

Во ставот (3) по зборот „евиденција" се става запирка и се додаваат зборовите: „но не подолго од пет години".

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Лицето евидентирано во посебната матична книга на родени кое не е префлено во редовната матична книга на родени по навршување на пет години по автоматизам се префрла во редовната матична книга на родени при тоа применувајќи го членот 12 став (3) од овој закон.".

Член 2

Во членот 8 по ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Лице евидентирано во посебната матична книга на родени може да бара препис – нов извод во постапка како и при првото издавање наведен во ставот (3) на овој член.".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT TË PERSONAVE TË PAEVIDENTUAR NË LIBRIN AMZË TË TË LINDURVE

Neni 1

Ligji i Personave të Paevidentuar në Librin Amzë të të Lindurve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 42/2020) në nenin 7 paragrafi (1), pas fjalës "futura" shtohen fjalët: "ose do të futen", ndërkaq fjalët: "në afat prej gjashtë muajve nga dita e miratimit të këtij ligji" zëvendësohen me fjalët: deri 30 qershor 2021".

Në paragrafin (3) pas fjalës "evidencë" vihet presje dhe shtohen fjalët: "por jo më gjatë se 5 vjet".

Pas paragrafit (7) shtohet paragraf i ri (8), siç vijon:

"(8) Personi i evidentuar në libër të posaçëm amzë të të lindurve i cili nuk është transferuar në libër të rregullt amzë të të lindurve, pas mbarimit të 5 vjetëve me automatizëm transferohet në librin e rregullt amzë të të lindurve, duke e zbatuar kështu nenin 12 paragrafi (3) të këtij ligji.".

Neni 2

Në nenin 8, pas paragrafit (7) shtohet paragraf i ri (8), siç vijon:

"(8) Personi i evidentuar në librin e posaçëm amië të të lindurve mund të kërkojë përshkrim- certifikatë të re në procedurë si edhe gjatë lëshimit të parë të theksuar në paragrafin (3) të këtij neni.".

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

4163.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА СО СТРАНСКИ РЕГИСТАРСКИ ТАБЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за регистрација на возила со странски регистарски таблици на територијата на Република Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 20 декември 2020 година.

Бр. 08-4596/1
20 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Република Северна Македонија,
Стево Пендаровски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

З А К О Н
ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА СО СТРАНСКИ РЕГИСТАРСКИ ТАБЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој закон се уредуваат постапката и условите за регистрација на моторни возила за превоз на патници (категорија М), возила за превоз на товар (категорија N), возила на две и три тркала и квадрацикли (категорија L) и приколки – вклучително и полуприколки (категорија О) (во натамошниот текст: возила), со странски регистарски таблици кои влегле на територијата на Република Северна Македонија до 1 октомври 2020 година и условите за користење на финансиските бенефиции за регистрација на овие возила.

Член 2

(1) Сопственикот или корисникот, односно лицето овластено за отуѓување на возилото или лицето кое ќе го купи возилото кое ги исполнува условите од членот 3 став (1) од овој закон, регистрацијата ја врши врз основа на поднесено барање за регистрација.

(2) Со барањето од став (7) на овој член се поднесуваат следниве писмени докази за:

1. потекло на возилото;
2. сопственост на возилото;
3. регулирани царински и даночни обврски за возилото;
4. потврда за сообразност или согласност за регистрација, ако се работи за возило за кое треба да има таква потврда или согласност, согласно со одредбите од Законот за возила;
5. техничка исправност на возилото, освен за возило за кое техничкиот преглед не е задолжителен, согласно со членот 50 од Законот за возила;
6. запис од измерени вредности од емисиите на издувни гасови на возилото;
7. запис за техничката исправност на системот за сопирање на возилото;
8. запис за техничката исправност на системот за управување на возилото;
9. извршено осигурување, платени такси, регулирани давачки на име надоместоци за користење на јавните патишта и за заштита на животната средина и други обврски пропишани со закон;
10. извршена одјава на возилото од надлежниот орган во кој е извршена претходната регистрација;
11. статус на возило со историска вредност (олдтајмер) и
12. АДР сертификат за извршено испитување на возило за превоз на опасни материи во патниот сообраќај.

(3) Доказите од став (2) точките 3, 4 и 8 на овој член се поднесуваат само при првата регистрација на возилото во Република Северна Македонија.

(4) Доказот од став (2) точка 4 на овој член не се поднесува при регистрација на возило со историска вредност (олдтајмер).

(5) Возило нема да се регистрира и покрај приложениот доказ од став (2) точка 4 на овој член доколку органот за одобрување го извести Министерството за внатрешни работи дека возилото припаѓа на тип на возила кои и покрај издаденото одобрение на тип претставува опасност за сообраќајот на патиштата.

(6) Доказите од став (2) точки 5, 6, 7 и 8 на овој член се заверуваат од двајца стручни работници – контролори од правното лице за вршење технички преглед на возила.

(7) Барањето за регистрација од став (1) на овој член, може да се поднесува во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

(1) Возилата, за кои е поднесено барањето за регистрација од членот 2 став (7) од овој закон во рокот предвиден во членот 2 став (7) од овој закон, задолжително треба да ги исполнуваат следниве услови:

- сопственикот или корисникот, односно лицето овластено за отуѓување на возилото или лицето кое ќе го купи возилото да ги има регулирано царинските и даночните обврски за возилото во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон и да поседува важечка сообраќајна дозвола, осигурување и зелен картон;
- да влегле на територијата на Република Северна Македонија до 1 октомври 2020 година.

(2) Сопственикот или корисникот на возилото, односно лицето овластено за отуѓување на возилото или лицето кое ќе го купи возилото кое ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, за исполнување на условот од ставот (1) алинеја 2 на овој член поднесува изјава заверена кај нотар со која под кривична, морална и материјална одговорност потврдува дека возилото има направено влез на територија на Република Северна Македонија до 1 октомври 2020 година и истата ја приложува при регистрација на возилото.

(3) Сопственикот или корисникот на возилото односно лицето овластено за отуѓување на возилото, изјавата од ставот (2) на овој член ќе ја приложи на надлежниот царински орган во постапка на увозно царинење на возилото.

(4) Формата и содржината на изјавата од ставот (2) на овој член на предлог на директорот на Царинска управа ја пропишува министерот за финансии.

Член 4

(1) Износот на обврските од членот 2 став (2) точка 3 од овој закон за возилата кои ќе се увезат и регистрираат согласно со овој закон се намалува за 50% од утврдената вредност на сите давачки кои се наплатуваат при увоз од страна на надлежните државни органи.

(2) При увоз на возилото, сопственикот или корисникот на возилото, односно лицето овластено за отуѓување на возилото доставува изјава заверена кај нотар со која под кривична, морална и материјална одговорност потврдува дека возилото по завршување на постапката за увоз ќе го регистрира согласно со одредбите од овој закон.

(3) Во постапка на увоз за возилото се приложува потврда за сообразност наведена во членот 2 став (2) точка 4 од овој закон.

(4) Формата и содржината на изјавата од ставот (2) на овој член на предлог на директорот на Царинска управа ја пропишува министерот за финансии.

Член 5

Подзаконските акти утврдени во овој закон ќе се донесат во рок од 20 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Одредбите од овој закон ќе важат една година од денот на неговото влегување во сила.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува 20 дена од денот на неговото влегување во сила.

L I GJ
I REGJISTRIMIT TË AUTOMJETEVE ME TARGA TË HUAJA NË TERRITORIN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen procedurat dhe kushtet e regjistrimit të automjeteve për transport të udhëtarëve (kategoria M), automjete për transport të ngarkesës (kategoria N), automjete me dy dhe tri rrota, katërçikleta (kategoria L) dhe rimorkio - përfshi gjysmërimorkio (kategoria O) (në tekstin e mëtejmë: automjete) me targa të huaja regjistrimi të cilat kanë hyrë në territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut deri më 1 tetor 2020 dhe kushtet e shfrytëzimit të përfitimeve financiare për regjistrimin e këtyre automjete.

Neni 2

(1) Pronari ose shfrytëzuesi, përkatësisht personi i autorizuar për tjetërsim të automjetit ose personi i cili do ta blejë automjetin që i plotëson kushtet sipas nenit 3 paragrafi (1) të këtij ligji, regjistrimin e bën në bazë të kërkesës së parashtruar për regjistrim.

(2) Me kërkesën e paragrafit (7) të këtij neni, parashtrohen këto dëshmi me shkrim për:

1. prejardhjen e automjetit,
2. pronësinë e automjetit,
3. detyrimet e rregulluara doganore dhe tatimore për automjetin,
4. vërtetimin për përshtatshmëri ose pajtimin për regjistrim, nëse bëhet fjalë për automjet për të cilin duhet të ketë vërtetim të tillë ose pajtim sipas dispozitave të Ligjit të Automjeteve,
5. rregullsinë teknike të automjetit, përveç për automjet për të cilin kontrolli teknik nuk është i detyrueshëm, në pajtim me nenin 50 të Ligjit të Automjeteve,
6. procesverbalin e vlerësimeve të llogaritura të emetimeve të gazrave dalës të automjetit,
7. procesverbalin e rregullsisë teknike të sistemit të frenimit të automjetit,
8. procesverbalin e rregullsisë teknike të sistemit të drejtimit të automjetit,
9. sigurimin e kryer, taksa të paguara, taksa të rregulluara në emër të kompensimeve për shfrytëzimin e rrugëve shtetërore dhe për mbrojtje të mjedisit jetësor dhe detyrime të tjera të përcaktuara me ligj,
10. çregjistrimin e kryer të automjetit nga organi kompetent në të cilin është bërë regjistrimi paraprak,
11. statusin e automjetit me vlerë historike (oldtimer) dhe
12. certifikatë ADR për kontroll të kryer të automjetit për transport të materieve të rrezikshme në komunikacionin rrugor.

(3) Dëshmitë nga paragrafi (2) pikat 3, 4 dhe 8 të këtij neni parashtrohen vetëm gjatë regjistrimit të parë të automjetit në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

(4) Dëshmia nga paragrafi (2) pika 4 të këtij neni nuk parashtrohet gjatë regjistrimit të automjetit me vlerë historike (oldtimer).

(5) Automjeti nuk do të regjistrohet pavarësisht dëshmisë së dorëzuar nga paragrafi (2) pika 4 të këtij neni, nëse organi i miratimit e njofton Ministrinë e Punëve të Brendshme se automjeti i takon lloji të automjeteve që, edhe pse i është dhënë miratim për llojin, paraqet rrezik për komunikacionin rrugor.

(6) Dëshmitë nga paragrafi (2) pikat 5, 6, 7 dhe 8 të këtij neni verifikohen nga dy punëtorë profesionistë - kontrollues nga personi juridik për ushtrimin e kontrollit teknik të automjetit.

(7) Kërkesa për regjistrim nga paragrafi (1) i këtij neni, mund të parashtrohet në afat prej gjashtë muajsh nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

Neni 3

(1) Automjetet, për të cilat është parashtruar kërkesa për regjistrim nga neni 2 paragrafi (7) të këtij ligji në afatin e paparë sipas nenit 2 paragrafi (7) të këtij ligji, në mënyrë të detyrueshme duhet t'i plotësojnë këto kushte:

- pronari ose shfrytëzuesi, përkatësisht personi i autorizuar për tjetërsim të automjetit ose personi i cili do ta blejë automjetin t'i ketë rregulluar detyrimet doganore dhe tatimore për automjetin në afat prej gjashtë muajsh nga hyrja në fuqi e këtij ligji dhe të ketë leje qarkullimi të vlefshme, sigurim dhe karton të gjelbër.
- të kenë hyrë në territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut deri më 1 tetor 2020.

(2) Pronari ose shfrytëzuesi i automjetit, përkatësisht personi i autorizuar për tjetërsimin e automjetit ose personi i cili do ta blejë automjetin i cili i plotëson kushtet sipas paragrafit (1) të këtij neni, për plotësimin e kushtit sipas paragrafit (1) nënparagrafi 2 të këtij neni, parashtron Deklaratë të verifikuar në noter me të cilën, me përgjegjësi penale, morale dhe materiale vërteton se automjeti ka hyrë në territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut deri më 1 tetor 2020 dhe të njëjtën e dorëzon gjatë regjistrimit të automjetit.

(3) Pronari ose shfrytëzuesi i automjetit, përkatësisht personi i autorizuar për tjetërsimin e automjetit, deklaratën nga paragrafi (2) i këtij neni do ta dorëzojë te organi kompetent doganor në procedurë të doganimit importues të automjetit.

(4) Ministri i Financave e përcakton formën dhe përmbajtjen e Deklaratës nga paragrafi (2) i këtij neni me propozim të drejtorit të Drejtorisë së Doganave.

Neni 4

(1) Shuma e detyrimeve nga neni 2, paragrafi (2) pika 3 të këtij ligji, për automjetet të cilat do të importohen dhe regjistrohen në pajtim me këtë ligj, zvogëlohen për 50% të vlerës së përcaktuar të të gjitha taksave të cilat paguhen gjatë importit te organet kompetente shtetërore.

(2) Gjatë importit të automjetit, pronari ose shfrytëzuesi i automjetit, përkatësisht personi i autorizuar për tjetërsimin e automjetit dorëzon Deklaratë të verifikuar në noter me të cilën me përgjegjësi penale, morale dhe materiale vërteton se automjetin, pas përfundimit të procedurës për import, do ta regjistrojë në pajtim me dispozitat e këtij ligji.

(3) Në procedurën për import të automjetit dorëzohet vërtetim për përputhje të theksuar në nenin 2 paragrafi (2) pika 4 të këtij ligji.

(4) Ministri i Financave e përcakton formën dhe përmbajtjen e Deklaratës nga paragrafi (2) i këtij neni me propozim të drejtorit të Drejtorisë së Doganave.

Neni 5

Aktet nënligjore të përcaktuara në këtë ligj do të miratohen në afat prej njëzetë ditësh nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

Neni 6

Dispozitat e këtij ligji do të vlejnë një vit nga dita e hyrjes së tij në fuqi.

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut", ndërkaq do të fillojë të zbatohet njëzetë ditë nga hyrja e tij në fuqi.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

4164.

Врз основа на член 215 став 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 06/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/2020), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА УПРАВИТЕЛ НА ТРГОВСКО ДРУШТВО НАФТОВОД ДООЕЛ СКОПЈЕ

1. Зоран Исајловски, се отповикува од должноста управител на Трговско друштво НАФТОВОД ДООЕЛ Скопје.

2. Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12194/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4165.

Врз основа на член 215 став 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 06/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/2020), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА УПРАВИТЕЛ НА ТРГОВСКО ДРУШТВО НАФТОВОД ДООЕЛ СКОПЈЕ

1. За управител на Трговско друштво НАФТОВОД ДООЕЛ Скопје, се избира Есад Рахиќ.

2. Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12195/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4166.

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019 и 110/2019), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА АФИРМИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Од должноста директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, орган во состав на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, се разрешува Менфи Илјази, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12075/2
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4167.

Врз основа на член 21 став 1 алинеа 1 од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“бр. 157/2010, 53/2011, 1/2012, 164/2013, 187/2013, 43/2014, 72/2015, 129/2015, 213/2015, 39/2016 и 64/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Од должноста директор на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија се разрешува Зоран Атанасов, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12076/2
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4168.

Врз основа на член 15 став 1 алинеа 1 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2007, 5/2009 43/2014, 193/2015, 39/2016, 164/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.190/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

1. Николче Бабовски се разрешува од должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12077/2
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4169.

Врз основа на член 11 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2007, 5/2009 43/2014, 193/2015, 39/2016, 164/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.190/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

1. За вршител на должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се именува Никица Бачовски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12186/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4170.

Врз основа на член 18 од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/2010, 53/2011, 1/2012, 164/2013, 187/2013, 43/2014, 72/2015, 129/2015, 213/2015, 39/2016 и 64/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. За вршител на должноста директор на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија се именува Николче Бабовски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12189/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4171.

Врз основа на член 17 од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2013, 18/2014, 44/2014, 129/2015, 152/2015, 39/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. За вршител на должноста директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија се именува Бојан Лазаревски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12190/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4172.

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019 и 220/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015,140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ

1. Од должноста вршител на должноста директор на Казанено – поправна установа Затвор Скопје се разрешува Есад Рахиќ.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12191/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4173.

Врз основа на член 30 став 2 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019 и 220/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015,140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ

1. За вршител на должноста директор на Казанено – поправна установа Затвор Скопје се именува Филип Андов.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12192/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4174.

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019 и 110/2019), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА АФИРМИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Адмир Ујкановиќ се именува за директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, орган во состав на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12193/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4175.

Врз основа на член 51 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019 и 110/2019), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

1. Фатмир Идризи се именува за заменик на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12196/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4176.

Врз основа на член 56 став 5 од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/2010, 41/2014, 148/2015, 55/2016 и 64/2018) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ЗАМЕНИК-КООРДИНАТОР НА НАЦИОНАЛНИОТ КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ

1. За вршител на должноста заменик-координатор на Националниот координативен центар за гранично управување се именува Менфи Илјази.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12199/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4177.

Врз основа на член 10 од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2014, 61/2015, 27/2016, 35/2018, 83/2018 и 7/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

1. Сања Лукаревска се именува за директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии, досегашен вршител на должноста директор на Управата за јавни приходи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12202/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4178.

Врз основа на член 9 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/97, 21/2007, 51/2011, 104/2013, 104/2013, 42/2014, 192/2015, 27/2016, 83/2018, 220/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/2020), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

1. Иљми Селами се именува за заменик на директорот на Државниот завод за статистика, досегашен вршител на должноста заменик на директорот на Државниот завод за статистика.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12203/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4179.

Врз основа на член 14 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/2010, 127/2012, 41/2014, 160/2014, 72/2015, 129/2015, 173/2015, 192/2015, 217/2015, 30/2016 и 83/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

1. Јован Деспотовски се именува за директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, досегашен вршител на должноста директор на Дирекцијата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12204/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4180.

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019 и 220/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА КПУ КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ВЕЛЕС

1. Јовица Стојановиќ се именува за директор на Казнено -поправна установа Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес, досегашен вршител на должноста директор на установата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12205/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4181.

Врз основа на член 27 став 2 и член 28 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019 и 220/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

1. Марјан Спасовски се именува за директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда, досегашен вршител на должноста директор на Управата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12206/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

4182.

Врз основа на член 5 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 81/2008 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ

1. Ардиан Муслиу се именува за директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука, досегашен вршител на должноста директор на инспекторатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 12207/1
15 декември 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Николовски, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

4183.

Врз основа на член 73 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/19 и 220/19) министерот за правда, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЈАВНИОТ ОГЛАС, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ОГЛАС, НАЧИНОТ НА ДОКАЖУВАЊЕ НА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНАТА СЕЛЕКЦИЈА, СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ИНТЕРВЈУТО, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНОТО БОДИРАЊЕ И МАКСИМАЛНИОТ БРОЈ НА БОДОВИ ОД ПОСТАПКАТА НА СЕЛЕКЦИЈА ВО ЗАВИСНОСТ ОД НИВОАТА НА РАБОТНИ МЕСТА, КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ПОСТАПКАТА НА СЕЛЕКЦИЈА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ ВО ЗАТВОРСКА ПОЛИЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на јавниот оглас, формата и содржината на образецот за пријавување на јавниот оглас, начинот на докажување на исполнување на општите и посебните услови за пополнување на работните места, начинот на спроведување на административната селекција, спроведувањето на интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од нивоата на работни места, како и други прашања во врска со постапката на селекција за вработување во затворската полиција при вработување на припадници во затворска полиција.

Член 2

(1) Јавниот оглас за пополнување на работни места во затворската полиција се објавува во писмена форма на огласната табла на казнено-поправната и воспитно-поправната установа (во натамошниот текст: установата).

(2) Јавниот оглас ги содржи следните податоци:

- грб и име на Република Северна Македонија, лого и назив на установата која го објавува јавниот оглас;
- основ за објавување на јавниот оглас;
- број на јавниот оглас;
- за секое работно место во огласот: реден број, шифра, назив и број на извршители;
- за секое работно место во огласот: општи услови; посебни услови и/или дополнителни услови, доколку се предвидени;
- за секое работно место во огласот: распоред на работното време; почеток и завршеток на дневното и неделното работно време;
- за секое работно место во огласот: паричен нето износ на плата;
- рок, начин и место за поднесување на пријава за вработување, и задолжителните докази за исполнување на условите за вработување во оригинал или заверена копија;
- кратка информација за начинот на спроведување на постапката за селекција по фази (да се наведат фазите, на пример: административна селекција и интервју; проверка на здравствените и психофизички способности на канидатот) и дека постапката за селекција ја спроведува Комисија за селекција за вработување на припадник на затворската полиција;
- напомена, дека заради проверка на здравствените и психофизички способности кандидатот се упатува на специјалистички прегледи;
- напомена, дека кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка и се запишува во Регистарот на лица кои дале лажни податоци на јавните огласи за вработување во јавниот сектор кој го води Министерство за информатичко општество и администрација;
- напомена, дека согласно годишниот план за вработување на установата за _____ година, се предвидени вработувања за _____ (се наведува припадноста на заедницата/заедниците)“ и
- напомена дека по спроведената селекција, избраните кандидати склучуваат договор за пробна работа и се упатуваат на основна обука за припадник на затворската полиција, во времетраење од четири месеци.

Член 3

(1) На првиот јавен оглас за нови вработувања во тековната година се наведуваат заедниците за кои во зависност од бројот на работни места за кои се објавува огласот, согласно годишниот план за вработување за тековната година, се предвидени нови вработувања.

(2) На секој следен јавен оглас во тековната година, заедниците за кои се објавува огласот се определуваат согласно годишниот план за вработување, кога од бројот на предвидени нови вработувања кој се добива како збир на сите претходно спроведени постапки за вработување и тековната постапка, се одзема бројот на претходно спроведени постапки за вработување, по припадност на заедница.

Член 4

(1) По објавниот јавен оглас, кандидатите поднесуваат пријава на образец за пријавување на јавниот оглас за вработување во затворска полиција до установата, во писмена форма преку архивата на установата, по пошта или во електронска форма.

(2) Образецот на пријавата за вработување е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Заради докажување на исполнување на општите и посебните услови за работните места, кандидатите за вработување, кон пријавата од член 4 од овој Правилник, приложуваат докази во оригинал или заверени на нотар за исполнување на условите за работните места, издадени од надлежни органи или институции.

Член 6

Административната селекција за вработување во затворската полиција се спроведува од страна на Комисијата за селекција за вработување на припадник на затворската полиција (во натамошниот текст: Комисијата), најдоцна осум дена од денот на истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот оглас.

Член 7

(1) Од страна на Комисијата најдоцна три дена од истекот на рокот за пријавување на огласот се проверува дали кандидатите ги доставиле доказите за исполнување на условите од огласот.

(2) Доколку при проверката се утврди дека недостасува некој од доказите, Комисијата треба да побара од кандидатот да ги комплетира доказите.

(3) Доколку кандидатот не ги комплетирал доказите во рокот определен од страна на Комисијата, Комисијата ја отфрла пријавата како неуредна.

Член 8

(1) По комплетирањето на доказите, од страна на Комисијата се врши увид и проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас и приложените докази кон пријавата, за да се утврди дали за сите внесени податоци се приложени соодветни докази и дали внесените податоци соодветствуваат со доказите кои се приложени кон пријавата.

(2) Доколку Комисијата се сомнева во веродостојноста на било кој од доказите, истата ќе достави барање за дополнителни проверки кај органот, односно институцијата која го издала доказот.

(3) Доколку при проверката се утврди дека доказот е лажен, Комисијата ја отфрла пријавата и го известува Министерството за информатичко општество и администрација, кое води Регистар на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор.

Член 9

(1) По завршувањето на проверката, од страна на Комисијата се пристапува кон бодување на кандидатите и подготвување на ранг-листа на кандидати кои ја поминале административната селекција и листа на кандидати за кои постапката на селекција завршила.

(2) За кандидатите кои дале точни податоци и ги приложиле потребните докази и кои ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, од страна на Комисијата се пресметува бројот на бодови во административната селекција.

(3) За кандидатите кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува.

(4) За датумот и времето на одржување на следната фаза на селекција се известуваат кандидатите кои преминуваат во следната фаза на селекција, интервју.

(5)Најмногу десет пати повеќе кандидати од бројот на извршители за кои се спроведува постапката, а кои биле најдобро рангирани на листата, преминуваат во следната фаза на селекција.

(6) Во следната фаза на селекција учествуваат и кандидатите кои имаат ист број на бодови со последно рангираните кандидати.

Член 10

(1) Најдоцна три дена по завршување на административната селекција, од страна на Комисијата се составува записник, кој ги содржи следните податоци: датум, место и време на одржување на административната селекција, број на оглас, датум на објава на огласот, во кои дневни весници е објавен огласот, установата за чии потреби е објавен огласот, а за секое различно работно место кое се огласува шифра и назив на работното место, број на извршители, податок за вкупен број на пријавени кандидати, број на неуредни кандидати, број на уредни кандидати, број на кандидати кои продолжуваат во втората фаза на селекција, име, презиме и потпис на претседателот и членовите на Комисијата.

(2) Кон записникот за секое работно место од огласот се приложуваат:

- листа на уредни и неуредни кандидати, која ги содржи следните податоци: име и презиме на секој неуреден кандидат и причина за неговата неуредност, име и презиме на секој од уредните кандидати и освоените бодови од административната селекција;

- ранг-листа со име и презиме на кандидатите кои ја поминале административната селекција, со бројот на освоени бодови и

- листа со име и презиме на кандидатите за кои постапката на селекција завршила.

Член 11

(1) Интервјуто на кандидатите за вработување кои ја поминале фазата на административна селекција, се спроведува од страна на Комисијата, најдоцна осум дена од завршување на фазата на административна селекција.

(2) Пред спроведување на интервјуто од став (1) на овој член, Комисијата одржува подготвителен состанок на кој ја дефинира формата и текот на интервјуто.

(3) На интервјуто може да се поставуваат прашања во усна или писмена форма или комбинација на двете форми.

(4) Интервјуто се состои од три категории на прашања, и тоа:

- прашања за општи работни компетенции, за која цел се поставуваат ситуациони прашања преку кои се проверуваат потребните општи работни компетенции за категоријата на која припаѓа работното место;

- прашања за посебни компетенции, за која цел се поставуваат стручни прашања или практични задачи, преку кои се проверуваат посебните работни компетенции од делокругот на работното место и

- мотивациони прашања, за која цел се поставуваат прашања во врска со мотивацијата и визијата на кандидатот за работното место за кое се распишува јавниот оглас, како и прашања во врска со претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот од вработувањето и слично.

Член 12

(1) Интервјуто се води од страна на претседателот на Комисијата кој обезбедува еднаков и фер однос кон сите кандидати.

(2) Претседателот на Комисијата се грижи и за поделбата на улогите на членовите на Комисијата при спроведување на интервјуто.

(3) Секој член на Комисијата пополнува формулар за секој кандидат поединечно во кој ги бодува одговорите на прашањата, по што го потпишува формуларот.

(4) Бројот на добиени бодови за секој кандидат поединечно се добива од просекот на доделени бодови од сите членови на Комисијата.

(5) Во случај кога прашањата за општи работни компетенции на кандидатот му се задаваат во писмена форма, бодувањето на тој елемент го врши претседателот на Комисијата, при што сите членови, тој број на бодови го внесуваат во својот формулар.

(6) Во случај кога прашањата за посебни компетенции на кандидатот му се задаваат во писмена форма, бодувањето на тој елемент го врши членот на Комисијата кој е раководител на организационата единица во која работното место се пополнува, при што сите членови, тој број на бодови го внесуваат во својот формулар.

Член 13

(1) Најдоцна три дена по завршување на интервјуто, Комисијата составува записник, кој ги содржи следните податоци: датум, место и време на одржување на интервјуто, број на оглас, датум на објава на огласот, за секое различно работно место од огласот: шифра и назив на работното место, број на извршители, податок за вкупен број на интервјуирани кандидати, како и име, презиме и потпис на претседателот и членовите на комисијата или нивните заменици.

(2) Кон записникот за секое различно работно место од огласот се приложува и список на кандидати со кои е спроведено интервју, кој содржи податоци за име и презиме и освоените бодови од интервјуто, за секој кандидат.

Член 14

(1) Кандидатите во фазата на селекција за вработување во затворската полиција, може да освојат најмногу 35 бодови, кои претставуваат збир од освоените бодови во фазата на административна селекција и фазата на интервју.

(2) За продолжување, односно за вклучување во следната фаза на селекција, кандидатите треба да освојат најмалку 51% од бодовите во претходната фаза на селекција.

(3) Во фазата на административна селекција кандидатите може да освојат најмногу 20 бодови, и тоа за:

-Формално образование најмногу 10 бодови;

-Неформално образование најмногу три бодови;

-Работно искуство најмногу пет бодови;

-Познавање на работа со компјутерски програми и канцеларско работење најмногу два бодови.

(4) Во фазата на интервју кандидатите може да освојат најмногу 15 бодови, и тоа за:

-прашања за општи работни компетенции, најмногу пет бодови;

-прашања за посебни компетенции, најмногу пет бодови;

-мотивациони прашања, најмногу пет бодови.

Член 15

(1) Бодовите за формално образование (во натамошниот текст: БФО) за кандидатите за вработување во затворската полиција од категорија Г се добиваат на следниов начин:

- ако кандидатот има ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО, или средно образование, БФО = (општ успех на кандидатот во средното образование x 5,6);

- ако кандидатот има ниво на квалификации VA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 60 кредити според ЕКТС, или вишо образование, БФО = (општ успех на кандидатот во средното образование x 5,6) + 1;

- ако кандидатот има ниво на квалификации VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 кредити според ЕКТС, БФО = (општ успех на кандидатот во средното образование x 5,6) + 1,5;

- ако кандидатот има ниво на квалификации VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати 240 кредити според ЕКТС, или завршен VII/1 степен, тогаш БФО = (општ успех на кандидатот во средното образование x 5,6) + 2.

(2) Општиот успех на кандидатот се утврдува врз основа на оценките од свидетелствата кои на кандидатот му ги издало средното училиште.

(3) За кандидати кои завршиле средно образование во училишта во странство, општиот успех се утврдува врз основа на документ за нострификација и еквиваленција на свидетелствата издаден од Министерството за образование и наука.

(4) Во случаите од став (1) алинеи 2, 3 и 4 на овој член, дополнителните бодови се пресметуваат врз основа на доставените уверенија, односно дипломи издадени од високообразовните установи, односно врз основа на документ за нострификација и еквиваленција на дипломата издаден од Министерството за образование и наука.

Член 16

(1) Бодовите за формално образование за кандидати за вработување во затворската полиција од категориите Б и В, се пресметуваат како збир од производите на бодовите за просечниот успех на кандидатот и бодовите од рангот на високообразовната установа на соодветниот циклус на студии, за сите циклуси на студии кои кандидатот ги завршил, односно БФО = (УспехI x РангI) + (УспехII x РангII) + (УспехIII x РангIII), при што:

- Успех I е просечниот успех на кандидатот во првиот циклус на студии;

- Ранг I е рангот на високообразовната установа на која кандидатот завршил прв циклус на студии;

- Успех II е просечниот успех на кандидатот во вториот циклус на студии;

- Ранг II е рангот на високообразовната установа на која кандидатот завршил втор циклус на студии;

- Успех III е просечниот успех на кандидатот во третиот циклус на студии;

- Ранг III е рангот на високообразовната установа на која кандидатот завршил трет циклус на студии.

(2) Просечниот успех на кандидатот од секој циклус на студии се пресметува како просечна вредност од оценките за сите положени испити во тој циклус на студии, односно збирот од оценките од положени испити поделен со бројот на положени испити, врз основа на податоците за испити и оценки содржани во официјален документ издаден од високообразовната установа.

(3) За кандидати кои завршиле прв, втор или трет циклус на студии на високообразовни установи во странство, просечниот успех се пресметува врз основа на документ за нострификација и еквиваленција на дипломата издаден од Министерството за образование и наука.

(4) Рангот на високообразовната установа се утврдува врз основа на последно објавената официјална ранг-листа на високообразовни установи во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: домашната ранг-листа) и последно објавените официјални ранглисти на високообразовни установи надвор од Република Северна Македонија (во натамошниот текст: странските ранг-листи).

(5) За кандидатот кој поседува диплома од домашна високообразовна установа која е рангирана на домашната ранг-листа од став (1) на овој член, бодовите за ранг се пресметуваат како: РангI = 2 * (вкупен резултат од рангирањето)/100, додека РангII = РангIII = (вкупен резултат од рангирањето)/1000.

(6) За кандидатот кој поседува диплома од странска високообразовна установа која е рангирана на било која од странските ранг-листи од став (1) на овој член, бодовите за ранг се пресметуваат на следниот начин:

- рангирана од 1 до 10 место: РангI = 2,7, додека РангII = РангIII = 0,15;
- рангирана од 11 до 50 место: РангI = 2,6, додека РангII = РангIII = 0,14;
- рангирана од 51 до 100 место: РангI = 2,5, додека РангII = РангIII = 0,13;
- рангирана од 101 до 200 место: РангI = 2,4, додека РангII = РангIII = 0,12;
- рангирана од 201 до 800 место: РангI = 2,3, додека РангII = РангIII = 0,11.

(7) За кандидатот кој поседува диплома од домашна високообразовна установа која не е рангирана на домашната ранг-листа од став (1) на овој член, или диплома од странска високообразовна установа која не е рангирана на било која од странските ранг-листи од став (1) на овој член, бодовите за ранг се пресметуваат како: РангI = 0,5, додека РангII = РангIII = 0,05.

Член 17

Неформалното образование се вреднува така што секое уверение или секој меѓународно признат стручен сертификат кој е поврзан со област која е релевантна за работното место, се вреднува со 1 бод, при што за неформално образование може да се добие најмногу 3 бода.

Член 18

Работното искуство се вреднува со најмногу 5 бода, и тоа на следниов начин:

- за исполнување на законски пропишаниот минимум - 2 бода;
- за работно искуство над законски пропишаниот минимум - по 0,25 бода за секои 5 години, а најмногу дополнителни 1,25 бода;
- за работно искуство на раководно место над законски пропишаниот минимум - по 0,25 бод за секои 2 години, а најмногу дополнителни 1 бод;
- за позитивна препорака од претходно работно место за кое е евидентиран работно искуство од најмалку 1 година - по 0,25 бода, а најмногу дополнителни 0,5 бода и
- за потврда за реализиран волонтерски стаж во институциите на јавниот сектор од најмалку 6 месеци – дополнителни 0,25 бода.

Член 19

Познавањето на работа со компјутерски програми за канцелариско работење се вреднува со 2 бода.

Член 20

(1) По составувањето на записникот од член 13 од овој правилник, врз основа на вкупно освоените бодови во фазата на селекција, од страна на Комисијата за секое работно место од огласот се подготвува конечна ранг листа на кандидати.

(2) Комисијата, од конечната ранг-листа по работно место, избира онолку најдобро рангирани кандидати со припадност на заедница, за која согласно годишниот план на установата се предвидени нови вработувања, колку што извршители се бараат за тоа работно место и ги предлага на директорот на установата.

(3) Во случај кога на која било од конечните ранг-листи нема доволно кандидати со припадност на заедница, за која согласно годишниот план на институцијата се предвидени нови вработувања, огласот се повторува само за оние работни места и за оној број на извршители колку што недостигаат.

(4) Доколку и при второто повторување на јавниот оглас, на ранг-листите нема доволно кандидати со припадност на заедница за која согласно годишниот план на установата се предвидени нови вработувања, колку што извршители се бараат, се изготвува единствена ранг-листа на која се рангираат кандидатите од сите претходно објавени огласи за тоа работно место и се избираат најдобро рангираните кандидати од таа листа, без оглед на нивната припадност на заедница.

(5) Доколку на ранг-листите нема доволно кандидати, јавниот оглас во тековната година може да се повторува се додека работните места не се пополнат, при што во понатамошните повторувања се избираат најдобро рангираните кандидати без оглед на нивната припадност на заедница.

(6) Доколку на ранг-листата од која треба да се изврши изборот, најдобро рангирани се двајца или повеќе кандидати со ист број на бодови, се избира кандидатот кој има добиено најмногу бодови во фазата на административната селекција.

Член 21

(1) По составување на конечната ранг листа за секое работно место од огласот, од страна на Комисијата се изготвува предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат и најдоцна три дена од изготвувањето се доставува до директорот на установата.

(2) Предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат од став (1) на овој член, ги содржи следните податоци: работно место за кое се дава предлогот, име и презиме, припадност на заедница и вкупен број на бодови во сите фази на селекција, за секој кандидат кој се предлага за вработување.

(3) Директорот на установата, најдоцна три дена по добивањето на конечната ранг-листа, односно предлогот на Комисијата, заради утврдување на здравствената и психофизичката способност, избраниот кандидат го упатува на специјалистички прегледи утврдени во Образец кон Правилникот за утврдување на здравствените и психофизичките способности на лицето кое заснова работен однос во затворската полиција, начинот на нивното утврдување и начинот на работа на комисијата.

(4) Доколку избраниот кандидат биде оценет како способен за работа во затворската полиција, од страна на директорот на установата најдоцна три дена по добивањето на комисискиот наод, се донесува одлука за избор на избраниот кандидат за припадник на затворска полиција на пробна работа.

Член 22

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-2972/1
17 декември 2020 година
Скопје

Министер за правда,
м-р **Бојан Маричиќ**, с.р.

Прилог

ПРИЈАВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

1. **Податоци за огласот:**

Број на јавниот оглас _____

Назив на институција _____

Реден број на работно место за _____

кое се пријавува _____

2. **Лични податоци за кандидатот:**

Име _____

Презиме _____

Припадност на заедница _____

Датум на раѓање [ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ]

Пол **М** **Ж**

ЕМБГ [ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ]

Адреса на живеење

улица и број _____

место _____

Контакт телефон мобилен: [ ] [ ] фиксен : [ ] [ ]

E-mail адреса [ ] @ [ ]

3. **Податоци за исполнување на општи услови:**

Дали сте државјани на Северна Република Македонија ?	**Да**	**Не**
Дали сте психо-физички здрав и способен за работа ?	**Да**	**Не**
Дали ви е изречена казна со правилна судска пресуда за забрана за вршење на професија, дејност или должност?	**Да**	**Не**

4. **Податоци за исполнување на посебни услови**

Степен на образование или стекнати

Кредити спорес ЕКТС **IV VI VII/1 VII/2 VIII 180кр. 240кр. 300кр.**

Вид на образование

Образовна институција _____

Насока _____

Држава на завршување на образованието _____

Датум на дипломирање _____

Број на диплома _____

Назив на институцијата која ја издала дипломата _____

Просечна оценка _____

Пополнуваат само кандидатите кои го завршиле своето образование во странство

Датум и број на документот за нострификација на диплома стекната во странство _____

Најниска Преодна оценка _____

Највисока оценка _____

Податоци за работно искуство во струката _____ години _____ месеци

Назив на институцијата и период (работно искуство стекнато по завршувањето на соодветниот степен на образование, кој како услов е одреден во огласот)

_____

_____

Други услови утврдени во актот за систематизација на работните места _____

Компјутерски вештини _____

5. Податоци за повисок стекнат степен на образование од оној што како посебен услов е утврден во огласот, за положен испит, сертификати, дипломи и слично ,од интерес за работното место .

_____

_____

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за вработување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена кај нотар. Доколку во пријавата се пополнети податоците за електронска адреса или/и мобилен телефон се согласувам сите известувања во врска со огласот да ги добивам на доставената електронска адреса или преку СМС порака на доставниот мобилен телефон.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка.

ДАТУМ НА ПРИЈАВУВАЊЕ

_____

ПОТПИС НА КАНДИДАТОТ

_____

4184.

Врз основа на член 72 став (2) од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19 и 220/19), министерот за правда, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ЗДРАВСТВЕНИТЕ И ПСИХОФИЗИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ НА ЛИЦЕТО КОЕ ЗАСНОВА РАБОТЕН ОДНОС ВО ЗАТВОРСКАТА ПОЛИЦИЈА, НАЧИНОТ НА НИВНОТО УТВРДУВАЊЕ И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ПРИПАДНИК НА ЗАТВОРСКАТА ПОЛИЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат здравствените и психофизичките способности што треба да ги исполнува лицето кое заснова работен однос во затворската полиција, начинот на нивното утврдување, како и начинот на работа на Комисијата за селекција за вработување на припадник на затворската полиција (во натамошниот текст: Комисијата).

Член 2

Лицето кое заснова работен однос во затворската полиција, во поглед на здравствени и психофизички способности потребно е:

1. да нема вродени или стекнати заболувања кои би можеле да го оневозможат успешното вршење на работите на затворската полиција;

2. да е правилно развиено и односот на телесна висина и тежина (индекс на телесна маса-БМИ) да не укажува на патолошки состојби. Главата и вратот да се со нормална конфигурација, без анатомски отстапувања, деформитети и лузни кои условуваат функционални и надворешни промени. Да нема деформитети на телото и екстремитетите кои значително влијаат на нивната функција. Да нема вродени и стекнати недостатоци кои влијаат на надворешниот изглед на откриените делови од телото;

3. очниот наод да биде функционално уреден; острината на видот на секое око посебно со можна корекција да биде најмалку 0,8; корекцијата да биде во рамките на ± 4D. За работни места без особена сложеност (одредени работни места со средно образование) во случај на амблиопиа и останати заболувања кои доведуваат до намалување на видната функција на едното око, која може да биде најмалку 0,3, острината на видот на другото со или без корекција да биде 1,0. Растројствата во распознавање бои да не влијаат во извршувањето на посебните должности и овластувања;

4. оториноларинголошкиот наод да биде уреден. Просечната загуба на слухот да не изнесува повеќе од 20 ДБ, на секое уво одделно во говорните фреквенции;

5. да нема заболувања на респираторниот систем, како и нивни последици кои доведуваат до оштетување на респираторната функција. По потреба рендгенграфски да се исклучи активен процес на белите дробови. Основните спирометриски параметри да се во граници на нормални вредности;

6. кардиоваскуларниот систем да биде со уреден наод. Физикалниот наод на срцето и ЕКГ да бидат во физиолошки рамки. Вените на долните екстремитети да бидат без варикозни промени кои доведуваат до функционални растројства. Хематолошкиот статус да биде уреден;

7. дигестивниот систем да биде со уреден наод без вродени или стекнати анатомски и функционални растројства. Да постои функционална зачуваност на забалото;

8. урогениталниот систем да биде со уреден наод, без вродени или стекнати анатомски или функционални растројства;

9. ендокриниот систем да биде со уреден наод;

10. локомоторниот апарат да биде без вродени анатомски и функционални растројства или стекнати анатомски и функционални растројства кои ја нарушуваат неговата функција. Да нема болести на сврзното ткиво и вродени или стекнати недостатоци и заболувања на мускулите и лигаментите;

11. кожата да биде без заболувања и последици кои доведуваат до функционални растројства;

12. централниот и периферниот нервен систем да се со анатомски сочуван интегритет и уредна функција и

13. да не боледува од душевни растројства и растројства во однесување, невротски растројства, растројства на спиењето, растројства на личноста, душевни растројства и растројства во однесувањето предизвикани од употреба на психоактивни супстанции. Да нема присуство на каков било облик на душевна заостанатост и интелектуална тапост.

Член 3

Заради утврдување на здравствената и психофизичката способност, по административната селекција и интервјуто, лицето кое заснова работен однос во затворската полиција, се упатува на специјалистички прегледи (лабораториски, стоматолошки, интернистички, неуропсихијатриски, офталмолошки, оториноларинголошки, хируршки, ортопедски и психолошки) утврдени во Образец кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Прегледите и испитувањата од член 3 од овој правилник се вршат во Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје, ОЕ-Служба за превентивна здравствена заштита- Поликлиника на Министерство за внатрешни работи од страна на лекари, лекари-специјалисти од соодветна гранка на медицината, односно стоматологијата и психолози.

Член 5

Ако на редовниот преглед за утврдување на здравствената и психофизичката способност се укаже потреба за попрецизно утврдување на здравствената состојба на лицето кое заснова работен однос во затворската полиција, обемот на прегледите може да се прошири со дополнителни специјалистички и супспецијалистички консултации и прегледи.

Член 6

(1) Од страна на Комисијата најдоцна три дена од денот на приемот на образецот од член 3 од овој правилник, врз основа на стручниот медицински извештај издаден од страна на доктор-специјалист по медицина на трудот, се составува комисиски наод со кој се оценува лицето како способно или неспособно за работа во затворската полиција.

(2) Од страна на Комисијата, се оценуваат како неспособни, лицата за кои во стручниот медицински извештај од доктор-специјалист по медицина на трудот, е наведено дека не ги исполнуваат здравствените и психофизички способности пропишани во член 2 од овој правилник.

(3) Комисискиот наод се потпишува од страна на членовите и претседателот на Комисијата и заедно со образецот од член 3 од овој правилник, се доставува до директорот на установата.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-2973/1
17 декември 2020 година
Скопје

Министер за правда,
м-р **Бојан Маричиќ**, с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Бр._____

_____година

Скопје

Број_____

ЛИСТА НА ПРЕГЛЕДИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА И ПСИХОФИЗИЧКАТА СПОСОБНОСТ НА ЛИЦЕТО КОЕ ЗАСНОВА РАБОТЕН ОДНОС ВО ЗАТВОРСКАТА ПОЛИЦИЈА

Име,татково име и презиме_____

Датум и место на раѓање_____

Единствен матичен број (ЕМБГ)_____

Живеалиште_____

Вид на образование_____

(средно, вишо, високо)

Брачна состојба_____

Работно место_____

А Н А М Н Е З А

ЛИЧНА

_____

_____

_____

СЕМЕЈНА

_____

_____

_____

Податоците во анамнезата се внесени врз основа на моите искажувања што ги потврдувам со свој потпис.

Скопје, _____ ПОТПИС

Висина.....

Лабораториски наод

Урина

Спецс.тежина.....
Боја.....
Реакција.....
Албумен.....
Шеќер.....
Билирубин.....
Уробилиноген.....
Седимент.....
.....
.....
.....
.....

Тромбоцити.....
Време на крварење.....
Време на коагулација.....
Уреа.....
Креатинин.....
Билирубин.....
AST.....
ALT.....
Вк.холестерол.....
LDL.....
HDL.....
Тригилицериди.....

Лаборант,

Тежина.....

Крв

Седиментација.....
Хемоглобин.....
Еритроцити.....
Леукоцити.....
Хематокрит.....
Гликемија.....
Вар. По:.....
Колмер.....
ВДЛР реакција.....
МКР II.....
.....
.....

VC.....
FEV 1.....
Tiffneau index.....

Други Анализи

Стоматолошки преглед

СОСТОЈБА НА ЗАБИТЕ: Стоматолошки наод

8	7	6	5	4	3	2	1	1	2	3	4	5	6	7	8
8	7	6	5	4	3	2	1	1	2	3	4	5	6	7	8

X- фали; O- кариес; □ – пломба; ▣ - круна; ~ мост

Заклучок:..... **Стоматолог,**

Клинички преглед од лекар-специјалист по интерна медицина

Пулмо.....

Кор.....

Хепар.....

Лиен.....

Останати наоди.....

ЕКГ.....

Заклучок:..... **Лекар,**

Неуропсихијатриски преглед

Неруолошки наод:.....

Психички наод:.....

Заклучок:..... **Лекар,**

Офталмолошки преглед

ОД.....

Висус

ОС.....

Распознава бои.....

Фундус.....

Останати наоди.....

Заклучок:..... **Лекар,**

ОРЛ преглед

Уво.....

Слух.....

Нос.....

Грло.....

Аудиограм.....

Заклучок:..... **Лекар,**

Хируршки и ортопедски преглед

.....

.....

Заклучок:..... **Лекар,**

Психолошки наод

.....

.....

Заклучок:..... **Лекар,**

Преглед, оценка и мислење за здравствената и работна способност од лекар специјалист по медицина на трудот

.....

.....

Заклучок:..... **Лекар,**

Потребни дополнителни прегледи

а) Специјалистички

б)Лабораториски

_____ _____

(овластена установа за медицина на труд) (датум на преглед)

_____

(адреса)

ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНИ СПЕЦИЈАЛСТИЧКИ ЗДРАВСТВЕНИ ПРЕГЛЕДИ

Врз основа на упатот за специјалистички претходни прегледи бр _____ од _____ година, извршен е преглед на _____ (име, татково име и презиме), роден(а) на _____ год., кој е кандидат за работното место _____ во _____ (установа).

Врз основа на извршените прегледи во согласност со Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19 и 220/19) и Правилникот за утврдување на здравствените и психофизичките способност на лицето кое заснова работен однос во затворската полиција, начинот на нивното утврдување и начинот на работа на комисијата се дава следното

М И С Л Е Њ Е

1.Патолошки состојби (дијагнози):

_____
_____
_____

2.Препораки за работодавачот (установата) кој го спроведува вработувањето и податоци за постоење на професионални психофизички болести во врска со работата:

_____
_____
_____
_____

3.Оцена на здравствените и психофизичките способности на лицето кое заснова работен однос во затворската полиција/Наод и мислење:

_____
_____
_____
_____

_____
(место и датум)

(МП)
(потпис и факсимил на доктор специјалист по медицина на труд)

Комисијата за селекција за вработување на припадник на затворската полиција на ден _____ година во _____го издава следниот:

КОМИСИСКИ НАОД

КАНДИДАТОТ _____ е здравствено и психофизички СПОСОБЕН-НЕСПОСОБЕН за работа во затворската полиција.

Здравствената и психофизичка способност на кандидатот е утврдена врз основа на стручниот медицински извештај од доктор-специјалист по медицина на трудот прилог кон овој наод.

Членови на Комисијата:

1._____ (претседател)

2._____

3._____

М.П.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

4185.

Врз основа на член 231 став (4) алинеја 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19 и 275/19), министерот за здравство донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ И ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

1. По спроведување на постапката по Јавниот повик објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 14/20, 33/20 и 220/20 за доделување на лиценца за вршење на здравствена дејност офталмолошка хирургија на ниво на Република Северна Македонија во мрежата на здравствени установи се доделува лиценца за вршење на здравствена дејност офталмолошка хирургија на ниво на Република Северна Македонија на најповолниот понудувач за

Ред. Бр.	Статистички регион	Број на лиценци	Понудувач
1.	Скопски	1	ПЗУ Специјализирана болница по офталмологија „ДЕНИЦА“ со седиште во Скопје

2. Со Приватната здравствена установа - Специјализирана болница по офталмологија „ДЕНИЦА“ со седиште во Скопје, општина Карпош, ул. Варшавска бр. 6А од точка 1 на оваа Одлука, ќе се склучи Договор за лиценца со Министерството за здравство за вршење на здравствена дејност офталмолошка хирургија на ниво на Република Северна Македонија во мрежата на здравствени установи, со износ на месечен надомест утврден согласно месечниот бруто приход од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија пресметан врз основа на Правилникот за најнискиот износ за надоместок за лиценца за вршење на здравствена дејност во мрежата на здравствени установи и за најнискиот износ на закупнина за закуп на простор и опрема на јавна здравствена установа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 156/12).

3. Доколку најповолниот понудувач од точка 1 од оваа Одлука не го потпише Договорот за лиценца од точка 2 од оваа одлука, ќе се смета дека доделената лиценца му е одземена.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Образложение

Врз основа на член 229 став (3) и (7) од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19 и 275/19), преку Комисијата за спроведување на постапка за доделување на лиценца за вршење на здравствена дејност по офталмолошка хирургија на ниво на Република Северна Македонија во мрежата на здравствени установи, формирана со одлука бр. 17-504/1 од 15.1.2020 година, Министерството за здравство спроведе постапка по Јавен повик објавен во „Службен весник на Република северна Македонија” бр. 14/20, 33/20 и 220/20.

По спроведената постапка за доделување на лиценца за вршење здравствена дејност по офталмолошка хирургија на ниво на Република Северна Македонија во мрежата на здравствени установи, врз основа на Извештајот за спроведена постапка со предлог за избор на најповолен понудувач број 17-504/19 од 15.12.2020 година, со предлог да се додели лиценца за ПЗУ Специјализирана болница по офталмологија „ДЕНИЦА“ со седиште во Скопје, општина Карпош, ул. Варшавска бр. 6А, како најповолен понудувач кој добил најголем број на бодови во постапката за доделување на лиценца и докажал дека во целост го обезбедил просторот, опремата и кадарот согласно доставените докази во прилог на доставената понуда, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да покрене управен спор во рок од 30 (триесет) дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 17-504/20
21 декември 2020 година
Скопје

Министер за здравство,
д-р **Венко Филипче,** с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

4186.

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 17 и член 43 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 16 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20 и 246/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 декември 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство на електрична енергија САТЕЛИТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Куманово му се издава лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала МХЕЦ “ОСТРИЛСКА со реф.бр.253”.

2. Лиценцата за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 12-1/20
17 декември 2020 година
Скопје

Претседател
на Регулаторна комисија за
енергетика и водни услуги на
Република Северна Македонија,
Марко Бислимоски, с.р.

Прилог:

ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Назив и седиште на носителот на лиценцата за пробна работа

Друштво за производство на електрична енергија САТЕЛИТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Куманово, со седиште на ул.2 (Карпош) бр.1 Куманово, Република Северна Македонија

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата за пробна работа: Производство на електрична енергија

3. Датум на издавање на лиценцата за пробна работа: 17 декември 2020 година

4. Датум на важење на лиценцата за пробна работа: 17 септември 2021 година

5. Евидентен број на лиценцата за пробна работа: ЕЕ-ПРОИЗ-410-2020

6. Единствен матичен број: 7164580

7. Единствен даночен број: 4017016531760

8. Подрачје на кое се врши енергетската дејност

Носителот на лиценцата за пробна работа, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши од хидроелектроцентрала МХЕЦ “ОСТРИЛСКА со реф.бр.253” во општина Крушево.

9. Општи обврски за носителот на лиценцата

Носителот на лиценцата е должен да:

- постапува согласно член 70 од Законот за енергетика*,
- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во електродистрибутивниот систем,
- им ги обезбеди на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Правилата за пазар на електрична енергија,
- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија,
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- ги почитува и да постапува согласно Правилата за пазар на електрична енергија, Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, како и согласно правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија врз основа на Законот за енергетика*,
- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци,
- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Северна Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста производство на електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа.

10. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,

2) годишна завршна сметка со сите прилози,

3) преземени мерки во текот на извештајната година за:

- заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,
- безбедност и здравје при работа,
- кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
- извршување на мониторинг на работењето,
- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,

4) извршување на годишната програма за ремонти,

5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,

6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

11. Доверливост на информациите

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

12. Квалитет на услугата

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

13. Мерење на произведената електрична енергија и моќност

Мерењето на произведената, односно испорачаната електрична енергија во електродистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место на начин и постапка утврдени согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

14. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

15. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

16. Производни капацитети со кои ќе се врши енергетската дејност

Енергетската дејност производство на електрична енергија, ќе се врши од хидроелектроцентрала МХЕЦ "ОСТРИЛСКА со реф.бр.253" со следните технички карактеристики:

а) назив на хидроелектроцентралата: МХЕЦ "ОСТРИЛСКА со реф.бр.253"

б) моќност на хидроелектроцентрала: 378 kW

в) податоци за турбина:

- тип и производител: Хоризонтална Пелтон, Фероинвест,
- моќност: 388 kW,
- инсталиран проток: 0,230 m³/s,
- нето пад: 191,46m,
- номинална брзина: 1000 RPM

г) податоци за генератор:

- тип и производител: Mareli Motori Италија, трифазен синхрон со хоризонтална осовина
- инсталирана привидна моќност: 420 kVA,
- фактор на моќност: 0,9
- номинална активна моќност: 378 kW,
- фреквенција: 50Hz
- работен напон: 0,4 kV,
- номинална брзина: 1000 RPM

ѓ) податоци за трансформатор:

- моќност привидна: 420 kVA,
- номинален напон: 21(10,5)/0,4 kV/kV

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 17 dhe nenit 43 të Ligjit të Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19) dhe nenit 16 të Rregullores së Licencave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20 dhe 246/20), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 17 dhjetor 2020, mori

V E N D I M
PËR LËSHIMIN E LICENCËS PËR PUNË PROVË E KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE, PRODHIM I ENERGISË ELEKTRIKE

1. Shoqërisë së Prodhimit të Energjisë elektrike SATELIT ENERXHI DOOEL Kumanovë i lëshohet licencë për punë provë të kryerjes së veprimtarisë energjetike prodhim i energjisë elektrike nga hidrocentrali elektrik HCEV "OSTRILSKA me nr. ref. 253".

2. Licenca e punës provë e kryerjes së veprimtarisë energjetike, prodhim i energjisë elektrike është dhënë në shtojcë, e cila është pjesë përbërëse e këtij vendimi.

3. Ky vendim hyn në fuqi në datën e miratimit të tij dhe botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Kryetari
i Komisionit Rregullator i Energjetikës
dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës Maqedonisë së Veriut,
Марко Бислимоски, d.v.

PA1 nr. 12-1/20
17 dhjetor 2020
Shkup

Shtojcë:

LICENCA PËR PUNË PROVË E KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE, PRODHIM I ENERGISË ELEKTRIKE

1. Emri dhe selia e bartësit të licencës për punë provë:

Shoqëria e prodhimit të energjisë elektrike SATELIT ENERXHI DOOEL Kumanovë, me seli në rr. 2 (Karposh) nr.1 Kumanovë, Republika e Maqedonisë së Veriut

2. Veprimtaria energjetike për të cilën lëshohet licenca për punë provë: Prodhimi i energjisë elektrike

3. Data e lëshimit të licencës për punë provë: 17 dhjetor 2020

4. Data e skadimit të licencës për punë provë: 17 shtator 2021

5. Numri evidentues i licencës për punë provë: EE-ПРОИЗ-410-2020;

6. Numri amzë: 7164580

7. Numri tatimor: 4017016531760

8. Rajoni ku kryhet veprimtaria energjetike

Bartësi i licencës për punë provë, do ta kryejë veprimarinë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga hidrocentrali elektrik HCEV " OSTRILSKA me nr. ref. 253" në komunën e Krushevës.

9. Obligimet e përgjithshme të bartësit të licencës

Bartësi i licencës është i obliguar:

- të punojë në përputhje me nenin 70 të Ligjit të Energjetikës*,
- të sigurojë prodhim dhe dërgesë të sigurt, të vazhdueshme dhe cilësore të energjisë elektrike deri në pikën e pranimit në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike,
- t'i sigurojë operatorit të sistemit të transmetimit të energjisë elektrike, operatorit të tregut të energjisë elektrike, operatorit të sistemit të shpërndarjes së energjisë elektrike, të gjitha informatat e nevojshme dhe të dhënat që janë të domosdoshme për kryerjen e obligimeve të tyre sipas licencave, në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Transmetimit të Energjisë Elektrike, Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike dhe Rregullat e Tregut të Energjisë Elektrike,
- të dërgojë raporte për pajisjen, impiantet, planet e mirëmbajtjes dhe disponueshmërinë e planifikuar deri te operator i sistemit të shpërndarjes së energjisë elektrike, në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike,
- të dërgojë të dhëna dhe informata në përputhje me Rregulloren e Mënyrës dhe të Procedurës së Ndjekjes së Funksionimit të Tregjeve të Energjisë,
- të dërgojë njoftime për të gjitha rrethanat, ngjarjet dhe ndryshimet, të cilat kanë apo mund të kenë ndikim në kryerjen e veprimtarisë energjetike,
- të udhëheqë kontabilitet të veçantë për secilën veprimtari energjetike veçmas, që e kryen apo për veprimtari të tjera që i kryen,
- t'i respektojë dhe të punojë në përputhje me Rregullat e Tregut të Energjisë Elektrike, Rregullat e Balancimit të Sistemit Elektro-Energjetik, Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike si dhe në përputhje me rregulloret dhe rregullat e tjera, që i sjell dhe i miraton Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut në bazë të Ligjit të Energjetikës*,
- të mundësojë qasje të drejtpërdrejtë me kërkesë të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në dokumentacionin e përgjithshëm që i referohet kryerjes së veprimtarisë energjetike për të cilën është lëshuar licenca, në pajtueshmëri me Rregulloren e Licencave.
- të punojë në përputhje me ligjet, rregullat e tjera dhe aktet e përgjithshme të Republikës së Maqedonisë së Veriut, posaçërisht ato që i referohen kryerjes së veprimtarisë së prodhimit të energjisë elektrike, mbrojtjes së konkurrencës, mbrojtjes së konsumatorëve, mbrojtjes së mjedisit jetësor, jetës dhe shëndetit të njerëzve dhe mbrojtjes gjatë punës

10. Obligimi për dërgim të Raportit Vjetor të Punës

Bartësi i licencës është i obliguar që, deri te Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, më së voni deri më 31 mars të vitit aktual, të dërgojë raport vjetor pune duke përfshirë edhe raportin për punë financiare dhe afariste gjatë vitit të kaluar.

Raporti vjetor me të gjitha shtojcat e tij duhet të dërgohet edhe në formë elektronike.

Raporti vjetor duhet të përmbajë të dhëna për:

1) përshkrimin dhe volumin e kryerjes së veprimtarisë energjetike gjatë vitit,
2) llogarinë përfundimtare vjetore me të gjitha shtojcat,
3) masat e marra gjatë vitit raportues për:
